РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# УПАТСТВО

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНА ОЦЕНА (РЕВИЗИЈА) НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ

Скопје, декември 2018 година

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 13/06, 82/08, 167/10, 36/11 и 51/11), а во врска со член 71 став (4) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16) министерот за економија донесе

# УПАТСТВО

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНА ОЦЕНА (РЕВИЗИЈА) НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ

### Член 1

Со ова упатство се утврдува висината на надоместокот за работа на претседателот и члeновите на комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на рударски проекти.

### Член 2

Висината на надоместокот за работа на претседателот и члeновите на комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на рударските проекти изнесува:

1. За главен рударски проект за експлоатација на неметалични минерални суровини и тоа: варовник-калцит, варовник-доломит, кварц, кварцит, кварцен песок, дијабаз, фелдспат, лискун, дистен, дијатомејска земја, талк, опалска бреча, базалт, графит, перлит, туф, гипс, лапорец, сулфур, барит, магнезит, флуорит, андезит, гнајс, азбест, сите видови на глини и песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), собирниот кварц и други, надоместок во бруто износ од:
    - 1000 денари за трошоци за патување за претседателот и члeновите на Комисијата,
    - 3500 денари за учество на претседателот во седници на Комисијата и 1500 денари за учество на члeновите во седници на Комисијата и
    - 5000 денари за разгледување на главниот рударски проект за експлоатација и изготвување на ревидентски извештаи.

2. За главен рударски проект за експлоатација на архитектонско-украсен камен: мермер, гранит, габро, оникс, травертин, базалт, сијанит, бреча, како и за: минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас CO2 и подземни води за пиење (изворски води, врела и издански води), надоместок во бруто износ од:

    - 1000 денари за трошоци за патување за претседателот и членовите на Комисијата,
    - 3500 денари за учество на претседателот во седници на Комисијата и 1500 денари за учество на членовите во седници на Комисијата и
    - 12500 денари за разгледување на главниот рударски проект за експлоатација и изготвување на ревидентски извештаи.

3. За главен рударски проект за експлоатација на метални минерални суровини и тоа: железо, манган, никел, хром, олово, цинк, бакар, волфрам, калај, платина, молибден, антимон, талиум, арсен, жива, сребро, злато и други видови на метали кои можат да се појават при експлоатација и техногени минерални суровини и тоа: минерални суровини кои настануваат во процесот на преработка на енергетските или металичните минерални суровини, вклучувајќи го и јаловинскиот отпад кој настанува при експлоатација и преработка на архитектонско-украсен камен, надоместок во бруто износ од:

    - 1000 денари за трошоци за патување за претседателот и членовите на Комисијата,
    - 3500 денари за учество на претседателот во седници на Комисијата и 1500 денари за учество на членовите во седници на Комисијата и
    - 27500 денари за разгледување на главниот рударски проект за експлоатација и изготвување на ревидентски извештаи.

4. За главен рударски проект за експлоатација на енергетски минерални суровини и тоа: сите видови на фосилни јаглени, јаглеводороди во цврста, течна и гасовита состојба, радиоактивни елементи (уран и ториум), сите видови на битуминозни и мастни шкрилци и други гасови кои се наоѓаат во земјата, надоместок во бруто износ од:

    - 1000 денари за трошоци за патување за претседателот и членовите на Комисијата,
    - 3500 денари за учество на претседателот во седници на Комисијата и 1500 денари за учество на членовите во седници на Комисијата и
    - 42500 денари за разгледување на главниот рударски проект за експлоатација и изготвување на ревидентски извештаи.

5. За дополнителен рударски проект за експлоатација на неметалични минерални суровини и тоа: варовник-калцит, варовник-доломит, кварц, кварцит, кварцен песок, дијабаз, фелдспат, лискун, дистен, дијатомејска земја, талк, опалска бреча, базалт, графит, перлит, туф, гипс, лапорец, сулфур, барит, магнезит, флуорит, андезит, гнајс, азбест, сите видови на глини и песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), собирниот кварц и други, надоместок во бруто износ од:
   - 1000 денари за трошоци за патување за претседателот и членовите на Комисијата,
   - 3500 денари за учество на претседателот во седници на Комисијата и 1500 денари за учество на членовите во седници на Комисијата и
   - 2500 денари за разгледување на дополнителниот рударски проект за експлоатација и изготвување на ревидентски извештаи.

6. За дополнителен рударски проект за експлоатација на архитектонско-украсен камен: мермер, гранит, габро, оникс, травертин, базалт, сијанит, бреча, како и за: минерални, термоминерални, термални води и минерални води и гас $CO_2$ и подземни води за пиење (изворски води, врела и издански води), надоместок во бруто износ од:
   - 1000 денари за трошоци за патување за претседателот и членовите на Комисијата,
   - 3500 денари за учество на претседателот во седници на Комисијата и 1500 денари за учество на членовите во седници на Комисијата и
   - 5000 денари за разгледување на дополнителниот рударски проект за експлоатација и изготвување на ревидентски извештаи.

7. За дополнителен рударски проект за експлоатација на метални минерални суровини и тоа: железо, манган, никел, хром, олово, цинк, бакар, волфрам, калај, платина, молибден, антимон, талиум, арсен, жива, сребро, злато и други видови на метали кои можат да се појават при експлоатација и техногени минерални суровини и тоа: минерални суровини кои настануваат во процесот на преработка на енергетските или металичните минерални суровини, вклучувајќи го и јаловинскиот отпад кој настанува при експлоатација и преработка на архитектонско-украсен камен, надоместок во бруто износ од:
   - 1000 денари за трошоци за патување за претседателот и членовите на Комисијата,

- 3500 денари за учество на претседателот во седници на Комисијата и 1500 денари за учество на членовите во седници на Комисијата и
- 12500 денари за разгледување на дополнителниот рударски проект за експлоатација и изготвување на ревидентски извештаи.

8. За дополнителен рударски проект за експлоатација на енергетски минерални суровини и тоа: сите видови на фосилни јаглени, јаглеводороди во цврста, течна и гасовита состојба, радиоактивни елементи (уран и ториум), сите видови на битуминозни и мастни шкрилци и други гасови кои се наоѓаат во земјата, надоместок во бруто износ од:
   - 1000 денари за трошоци за патување за претседателот и членовите на Комисијата,
   - 3500 денари за учество на претседателот во седници на Комисијата и 1500 денари за учество на членовите во седници на Комисијата и
   - 20000 денари за разгледување на дополнителниот рударски проект за експлоатација и изготвување на ревидентски извештаи.

**Член 3**

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави на огласна табла во Министерството за економија, како и на веб страната на Министерството за економија.

Бр.24-6450/1
04 -12- 2018 година
Скопје

**МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Kreshnik Bekteshi**

Изработил: Александра Митреска
Контролирал: м-р Јетон Кучи
Одобрил: д-р Ејуп Љатифи
Согласен: Зоран Павловски

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на членот 71 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), над изработените рударски проекти се врши стручна оцена (ревизија). Стручната оцена (ревизија) на рударски проекти ја врши комисија која ја формира министерот за економија.

За членови на комисијата може да бидат именувани лица кои поседуваат лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството или странски физички лица на кои им е издадена соодветна потврда, согласно Законот за минерални суровини.

На претседателот и членовите кои се од редовите на надворешните членови-експерти и кои не се вработени во органите на државната управа за секоја извршена стручна оцена (ревизија) им следува надоместок, кој е на товар на подносителот на барањето за вршење на стручната оцена (ревизија). Надоместокот кој подносителот на барањето за вршење на стручна оцена (ревизија)-концесионерот го плаќа е приход на Буџетот на Република Македонија и се утврдува согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти („Службен весник на Република Македонија" бр.155/15).

Комисијата за извршената стручна оцена (ревизија) на рударски проекти изготвува ревизиски извештај и издадава ревизиска клаузула

Средствата што се предвидуваат за потребите на ревизијата се различни, а се распоредени според видот и обемот на рударските проекти предмет на ревизија.

Со ова упатство се уредува начинот на пресметување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на рударски проекти.

Надоместокот на претседателот и членовите на комисијата за вршење на стручната оцена (ревизија) изнесува:

- 1000 денари за трошоци за патување за претседателот и членовите на Комисијата,
- 3500 денари за учество на претседателот во седници на Комисијата и 1500 денари за учество на членовите во седници на Комисијата,

додека висината на надоместокот за разгледување на рударскиот проект и изготвување на ревидентски извештаи се определува согласно видот на минералната суровина и видот на документацијата која е предмет на ревизија, а е во согласност со висината на надоместокот кој концесионерот го плаќа за вршење на стручната оцена (ревизија), утврдена со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.155/15).